Ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите за активностите преземени од страна на сите релевантни институции за финансирањето на дејноста на високото образование како и други аспекти поврзани со оваа тема. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции, јавни универзитети, односно единици, во изминатите години тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи.

Имајќи ги предвид утврдените состојби од досегашните ревизии и новите законски решенија кои даваат услови за креирање нов модел во финансирањето на високото образование, ДЗР во својата Годишна програма за работа за 2011 година ја вклучи оваа тема за ревизија на успешност и ја реализира согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија.

Оваа ревизија е спроведена со цел да се дадат препораки за подобрување на начинот на финансирање на јавните универзитети кој што влијае на квалитетот на студирање на различните студиски програми кои се реализираат од страна на јавните универзитети. Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од оваа фаза произлегоа повеќе подрачја кои покажаа одредени ризици како основ за вршење на ревизијата на успешност.

Ревизијата ја насочивме кон неколку ризични подрачја кои во Програмата за вршење на ревизијата беа групирани во области за ревизија насловени како:

- Законски и подзаконски акти кои поблиску го уредуваат финансирањето на јавните универзитети како основ за утврдување на мерилата и критериумите за финансирање на студиските програми од јавен интерес;
- Функционална интеграција на единиците во состав на јавните универзитети – начин на интегрирање и нивно усогласено дејствување во финансискиот сектор;
- Финансирање на студиски програми од јавен интерес – определување на висината на кофинансирање, партиципација, буџетска цена на чинење, определување надомест за запишување на студии во втор и трет циклус и други давачки на студентите на високо-образовните установи, како и начин на нивна употреба /распределба;
- Контролни механизми од повеќе аспекти – инспекциски надзор, акредитација на студиски програми од страна на надлежно тело.

### Очекувани ефекти (резултати) од ревизијата

Резултатите од ревизијата ќе бидат презентирани во извештајот на ДЗР. Со извештајот надлежните институциите ќе се информираат за степенот на имплементацијата на ЗВО од аспект на актите кои треба да се донесат во функција на утврдување на соодветни мерила и критериуми за поефикасен начин на финансирање на дејноста на високото образование на јавните универзитети во Република Македонија. Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на процесите за конституирање на Советот за финансирање на високото образование, како стручно и самостојно тело кое ќе работи на утврдување на мерила и критериуми за финансирање на студиските програми од јавен интерес.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.



Ревизорска тим: Овластен државен ревизор

1. _______________ _____________________
2. _______________
3. _______________